# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

**"Сл. весник на Р Македонија" бр. 17/03 од 20.03.2003 година**

### Член 1

Во Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" број 2/2002 година), по членот 16 се додава нова точка 6, која гласи: "6. Семејна пензија", со четири **нови члена 16-а, 16-б, 16-в и 16-г**, кои гласат:

### 6.Семејна пензија

### "Член 16-а

Брачниот другар, децата и родителите на загинат или починат припадник на безбедносните сили од членот 2 на овој закон, членовите на семејството според членот 4 на овој закон, кога не се исполнети општите услови за право на семејна пензија, стекнуваат право на семејна пензија според овој закон, доколку ги исполнуваат посебните услови утврдени со прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

По исклучок од ставот 1 на овој член, брачниот другар и родителите правото на семејна пензија го стекнуваат без оглед на навршените години на живот.

Висината на семејната пензија од ставот 1 на овој член, се определува од основата што ја претставува просечната плата во Републиката од 2001 година во висина од 80% сведена на месечно ниво и тоа 70% за еден член на семејството, а за секој нареден член зголемена уште за по 10%, но не повеќе од 100% од основата.

Пензијата од ставот 3 на овој член се усогласува со процент со кој се усогласуваат пензиите остварени согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

### Член 16-б

Брачниот другар, децата и родителите на загинат или починат припадник на безбедносните сили, кои оствариле право на семејна пензија според прописите за пензиското и инвалидското осигурување, имаат право на семејна пензија според овој закон доколку е тоа за нив поповолно.

### Член 16-в

На корисник на семејна пензија од членовите 16-а и 16-б на овој закон, додека е во работен однос или додека врши дејност во Републиката или во странство му се запира исплатата на пензијата.

**Член 16-г**

Правото на семејна пензија од членот 16-а на овој закон, се остварува во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.”

**Член 2**

По членот 23 се додава **нов член 23-а**, кој гласи:

**“Член 23-а**

По исклучок од членот 12 став 1 на овој закон, семејството на припадник на безбедносните сили од Министерството за одбрана кој го загубил животот во војните во поранешна СФРЈ има право на еднократен паричен надоместок за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице, во висина од 40 просечни плати остварени во Република Македонија во месец јануари 2002 година.”

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.